PRVA
ПРВА ЖИВОТ АД Скопје

Друштвото за осигурување
ПРВА ЖИВОТ АД
Бр. 0306-2021/3
04.09. 2025 год.
СКОПЈЕ

До
Македонска берза АД Скопје
ул.Орце Николов бр.75, Скопје

Од
Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје
ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.6/1, кат 2, Скопје,

Предмет: Известување по чл.166-6 од Законот за хартии од вредност

Почитувани,
Согласно чл.166-б6 став 1 алинеја 3 и алинеја 5 од Законот за хартии од вредност, Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје (во натамошниот текст „Друштвото“) известува дека:

- извршена е измена на Статутот на Друштвото и
- издадена е нова емисија на хартии од вредност.

Имено, на 10.06.2025 година донесена е Одлука за зголемување на основната главнина на Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје, со парични влогови, преку издавање на втора емисија на обични акции, по пат на приватна понуда за институционален инвеститор. Со одлуката е предвидено да се издадат 500 обични акции со номинална вредност од 1.000,00€ по акција и да се зголеми основаната главнина за 500.000,00€ со приватна понуда до постојниот единствен акционер на Друштвото - SKUPINA PRVA, zavarovalniski holding, d.d., FAJFARJEVA 33, LJUBLJANA, SLOVENIJA.

Предметната емисија беше одобрена со Решение за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда, издадено од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр УП1 10-44 од 04.07.2025 година

Дополнително, на ден 10.06.2025 година донесена е Одлука за измена на Статутот на Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје, со која е се направени измени во членовите 11 и 13 од Статутот на Друштвото, во насока на впишување на новиот вкупен износ на основната главнина и новиот број на акции кои ги поседува единствениот акционер.

За предметната измена на Статутот на Друштвото беше добиено Решение за издавање на согласност за измена на Статут на Агенција за супервизија на осигурување бр: УП1 14-2-146 од 30.07.2025 година.

Друштвото спроведе постапка пред трговскиот регистар и ЦДХВ за зголемување на основната главнина со влогови, преку издавање нови акции од предметната емисија, со што претходно запишаната основна главнина во износ од 4.000.000,00€, поделена на 4.000 обични акции, се зголеми и основната главнина моментално е во износ од 4.500.000,00€, поделена на 4.500 обични акции.

Со почит,

Друштво за осигурување
ПРВА ЖИВОТ АД Скопје
Извршен Директор
Предраг Милошевски